***З А П И С Н И К***
***од 13-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 07.09.2022 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Ивана Кочовска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторовски. На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.

Од општинската администрација присутни беа Марина Поповска, Игор Дамјановски и Злате Бошевски. На седницата присутни беа директорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Валентина Димовска, директорот на ООУ Браќа Миладиновци с.Жван Никола Крстевски, директорката на ООУ Даме Груев Мирјана Кондинска, дитекторката на ЈОУД деска градинка Втори Септември Андријана Цветкоска, како и претставници од областа на финансиите Марина Давидоска задолжена на училиштата и Цане Трајчевски од детската градинка. На седницата присутен беше дитекторот на ЈКП Комуналец Гоце Мицковски, директорот на ЈП ДЕХИ ТРАНС Александар Чорбевски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

Усвојување на записник од 12 седница на Совет на општина Демир Хисар
За усвојување на записникот гласаа 11 „за“.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година.

2. Донесување на Одлука за измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година (прв ребаланс).

3. Донесување на Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУД-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар.

4. Разгледување на барање за согласност за користење на две простории во ЈОУД-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар за изведување настава во прво одделени за учебната 2022/2023 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар.

5. Донесување на Одлука за за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2023 година.

6. Донесување на Одлука за давање на користење и управување на Мултифункционален Центар во с.Слоештица.

7. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.

8. Усвојување на Годишна програма за работа за ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

9. Давање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

10. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.

11. Усвојување на Годишна програма за работа за ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

12. Давање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

13. Усвојување на Годишен извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.

14. Усвојување на Годишна програма за работа за ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

15. Давање согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година.

16. Усвојување на Финансиски извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година.

17. Донесување на Одлука за за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2023 година.

18.Донесување на Решение за давање согласност на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар.

19. Донесување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар.

20.Донесување на решение за давање согласност на измени и дополнување на Статутот на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар.

21. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година.

22.Донесување на Одлука за за давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година.

23. Донесување Решение за разрешување и именување на член во Комисија за финансии и буџет.

24. Разгледување на Иницијатива за измени на проектот за улица 1-ви Мај Демир Хисар планирање на паркин простор и тротоар.

25.Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата ги поздрави присутните и предложениот Дневен ред го стави на расправа. При тоа предложи дополнување на Дневниот ред со две точки и тоа како 3. Донесување на Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУД-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар и како точка 4. Разгледување на барање за согласност за користење на две простории во ЈОУД-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар за изведување настава во прво одделени за учебната 2022/2023 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар, со тоа што редоследот на останатите точки ќе се помести. По предлогот немаше забелешки. За усвојување на Дневниот ред со дополнувањето гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 1. Усвојување на Квартален извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година***

Кварталниот извештај за извршување на буџетот за општина Демир Хисар за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 30.06.2022 година беше усвоен од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. Во врска со извештајот објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Градоначалникот Никола Најдовски дополни капиталните инвестиции кои се завршени ќе бидат прикажани во наредниот квартален извештај тоа се улицата Годе Делчев, патот за Св. Тома. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување за членарината за ППР има реализација 40.000 колку е вкупно годишната членарина. Фактурата е 89.000 објасни претставникот Марина Поповска Градоначалникот Најдовски додаде сега има нов правилник за пресметување на членарината тоа зависи од висината на средствата кои ќе се користат. Треба да се размислува при апликацијата за користење на

средствата земаме 5 милиони, а му враќаме 420.000, има донесено одлука за кофинансирање на проект. Советничката Марина Димитријовска праша за програма ЕА капитални расходи до каде е со експропријацијата за канализацијата во Белче. Градоначалникот Никола Најдовски објасни почната е пред неколку месеци имаше потпишано изјави, имавме и средба некои живеат во други градови некои во странство, затоа оди бавно. Има спор само со двајца сопственици кои не сакаат да се гради шахта во нивната парцела, а според проектот тука е планирано се планираше да е на меѓа. Цените се ниски тоа е земјоделско земјиште, луѓето очекуваа повисоки суми, ќе се заврши ако не се договориме ќе оди судски се обидуваме да се договориме понудуваме повеќе предлози. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување конто 46 од програма Д0 субвенции и трансфери планирани 250.000 потрошени 236.000. Претставникот Марина Поповска објасни тоа се трансфери за опремнина за пензионирање за вработени. Советничката Ивана Кочовска праша за средствата за пожарникарите платени за судски трошоци дали можело да се избегни тужба. Градоначалникот Никола Најдовски објасни пред три години можело сега веќе е завршена работата. Претставникот Марина Поповска објасни пожарникарите си бараа плус надоместоци, бенифиции, не се договорија со предходниот градоначалник и ја тужија општината, тужбата не беше колектива туку поединечна и судските трошоци беа многу високи, сега се доисплати се. Советничката Марина Димитријовска праша за капиталните расходи колку вкупно се. Градоначалникот Никола Најдовски одговори вкупно 16 милиони. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали има доволно средства да се плаќаат ратите од кредитите, исто така праша за проектие кои беа планирани дали има средства да се изготват. Градоначалникот Никола Најдовски објасни сите рати се платени, а за проектите кои беа планирани со програмата се распиша јавна набавка и на аукцијата се доби пониска цена, со буџетот беа планирани 500.000, на тендер истите проекти ќе се изработат за 120.000 затоа се планира пренамена на дел од средствата, потоа за канализацијата под улица Битолска до каде е изградбата. Засега има доволно изготвени проекти за аплицирање, канализацијата ќе се направи се појави некој проблем кај црквата со главниот цевковод ќе се најди решение. Советничката Марина Димитријовска праша за одржување на улици и патишта, има реакции од Слепче не се чисти патот кој води кон стариот пат за Белче. Градоначалникот Најдовски објасни низ селата не се чисти, има премногу барања за чистење, една машина е и тројца работници толку можат, низ селата сами луѓето треба да чистат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа многу средства се трошат за социјални трансфери, за свирачи, за бракови, со овие средства можи да се вработи некој кој ќе биди вклучен во програмата за одржување, така ќе се помогни на Комуналец за завршување на работите и некој ќе зема плата, а вака само се трошат нерационално средствата од буџетот. Има Центар за социјални работи тој се грижи за социјалните случаеви, општината има друга работа. Има реакции од граѓаните за ваквото трошење на средствата, затоа добро да се размислува кога ќе се планира Буџетот нема да дадам подршка за нерационално трошење. Советничката Сандра Пејковска додаде исто има реакции и на комисијата за опшествени дејности многу средства се одлеваат за социјални трансфери, овие 5.000 денари на семејствата не им помагаат многу, но вкупната сума која се троши од Буџетот е доста висока и со тие средства можи да се направи нешто. Претседателот На Советот Љупчо Најдовски додаде оваа е кризна година многу попаметно е да се вработат луѓе за одржување на селата едно лице можи да одржува две три села, така ќе биде многу покорисно и селата ќе бидат чисти и неколку семејства ќе имаат плата. Дискусијата беше исцрпена. За усвојување на Кварталниот извештај гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Измени и дополнување на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година (прв ребаланс)***

Измените и дополнувањето на Буџетот на општина Демир Хисар за 2022 година (прв ребаланс) беа разгледани од Комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска се гласаше 2 за и 2 воздржани. Во врска со измени и дополнувањето на Буџетот објаснување имаше претставникот Марина Поповска, при тоа објасни на комисијата имаше забелешка за пренамената во програма Јд ставката за изработка на проекти каде беа планирани 500.000, а со ребалансот се намалува за 300.000. Во програмата беа планирани 6 проекти и сите тие

кои беа планирани ќе се изработат, средствата кои се оставаат со ребалансот на оваа ставка се доволни, затоа се крати оваа ставка. Советникот Јордан Кромидаровски истакна сега е јасно и во ред е, неговото мислење е дека  приоритет треба да се даде на проектите за да може да се аплицира за добивање на средсва. Советничката Марина Димитријовска праша за рок хепенингот колку средства се обезбедени, а советничката Ивана Кочовска праша за фудбалскио клуб колку средства и за активностите пред домот на културата. Градоначалникот Никола Најдовски објасни за Рок хепенингот беа побарани 30.000 толку му се одобрене, за фудбалчскиот клуб 100.000 беа планирани, немаше планирано превоз, тоа ќе се плати од друга ставка. Се планира градежни активности за уредување на просторот пред домот на културата, ќе се направи пристапна рампа, исто така се планира делот од улица Партизанска да се направи имаше средства. Советничката Марина Димитријовска предложи да се уреди и паркингот пред стамбената здрада кај поранешен Дехитекс тоа не е голем простор, но ќе се добие една уредена целица. Градоначалникот Никола Најдовски се согласи предлогот е добар прифатлив, има проект за тој дел но е доста скап, ќе се најди решение. Советничката Ивана Кочовска предложи и паркингот кај паркот да се асвалтира исто паркот ќе се уреди треба и паркингот да се асвалтира. Градоначалникот Најдовски објасни тука дел од паркингот е дивоградба, а претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде да се работи она што е во согласност со закон, а потоа праша до кладе се активностите со иницијативниот одбот за храмот. Градоначалникот Никола Најдовски објасни во Иницијативниот одбор има 11 лица, разговарано е со отецот Тони ќе се отвори жиро сметка, отец Серафим понуди да ги ископа темелите без надомест се очекува повеќе одзив. Активностите ќе ги води отец Тони општината нема право. Советничката Марина Димитријовска истакна во дневниот ред има и точка за тоа прашање, за паркинг просторот по улица 1-ви Мај, согласно ДУП-от таму планиран паркинг има зад објектите, како што има информација дел од нив се на ПСМ дел се приватни парцели. Да се најди решение, бидејќи на овај простор по улицата има проблем со паркирањето. Градоначалникот Никола Најдовски објасни разгледувани се повеќе решенија, наедноставно е со еднонасочна улица, да се прави паркинг простор на уредени површини тешко е изводливо има реакции. Треба да се најди решение. Советничката Марина Димитријовска додаде тука има планирано тротоар, треба да се размислува за паркингот позади објектите како што е планирано, потоа уште една потенцира паркингонт кај здрадата да се планира, со вториот ребаланс да се обезбедат средства, да се изготви проект. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на измените и допонувањата на Буџетот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Решение за именување на член на Управен одбор во ЈОУД-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар***

За Решението за именување на член на Управен одбор во ЈОУД-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар објаснување имаше директорката Андријана Цветковска. Советничката Марина Димитријовска потенцира предлог е Данче Петревска. Директорката Цветковска објасни тоа е предлог од совет на родители. Дискусија повеќе немаше. За донесување на решениетп гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Разгледување на барање за согласност за користење на две простории во ЈОУД-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар за изведување настава во прво одделени за учебната 2022/2023 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар***

Во врска со барањето за согласност за користење на две простории во ЈОУД-детска градинка „Втори Септември“ Демир Хисар за изведување настава во прво одделени за учебната 2022/2023 за потребите на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни советот е основач и има право да дава ваква согласнот. Директорката на ЈОУДГ „Втори Септември“ Андријана Цветковска објасни во детската градинка има две простории кои не се користат, децата од прво одделение се приближна воздраст, нема да се межаат со децата од градинката има посебен влез посебни тоалети услови има. Градоначалникот Никола Најдовски објасни ова е најдоброто решение, предходната година второ и четврто одеа втора смена имаше реакции од родителите, со новата програма втората смена ќе завршува во 18 часот, ова првично како решение. Директорката на ООУ „Гоце Делечев“ Валентина Димовска објасни има 22 паралелки, а 20 училинци две паралелки

треба да одат втора смена. Предходната година за прв пат се отвори втора смена, тоа е дополнителни трошоци и измачување, две паралелки да бидат сами втора смена во училиштето е непријатно. Ова е најдобро решение, децата не се иста возраст, нема со ништо да се наруши работата во детската градинка, ќе биди целосно одвоено. Со новата концепција со 5 саати настава во првата смена ќе завршува во 13 часот, во 13.30 да почни втората смена и 5 саати настава тоа е 18.30. Со новите услови со ковид мерките повеќе од 20 ученици несмее да има во еден клас, затоа и се создаде проблемот. Ги разгледавме сите аспекти, разговаравме со родители, ќе ги вклучиме и стручните служби подготовките ќе се направат децата да се прилагодат и смета дека ќе функционира, доколку се покажи дека не е добро ќе се бара друго решение. Советничката Марина Димитријовска додаде доколку дветѕе институции сметаат дека е во ред не сме против, а советникот Сашо Михајловски праша колку првачиња се. Директорката Валентина Димовска одговори 30 дечиња, се разгледува повеќе решенија ова беше како најдобро. Дискусија повеќе немаше. За давање согласност на барањето за користење на две простории во објектот на детската градинка за потребите на ООУ „ Гоце Делчев“ гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Одлука за за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2023 година***

За Одлуката за за давање согласност на Годишен план за вработување на општина Демир Хисар за 2023 година објаснување имаше претставникот од општината Игор Дамјановски. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА6. Одлука за давање на користење и управување на Мултифункционален Центар во с.Слоештица***

Одлуката за давање на користење и управување на Мултифункционален Центар во с.Слоештица беше донесена од Комисијата за општествени дејности објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска имаше само една понува. Дополнително за ослуката објаснување имаше претставникот од општината Злате Бошевски со центарот мора да управува непрофитабилна невладина организација, на повикот се пријави само „Еригон Дервион“ ги исполнува условите. Претсеадтелот на Советот Љупчо Најдовски се согласи треба да се даде на користење некој да стопанисува со објектот. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Годишен извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

За Годишниот извештај за работа на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година објаснување имаше директорката Валентина Димовска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша кој подрачни училишта се во состојба на можност од нивно затворање. Исто така праша дали се врши контрола над работењето во подрачните училишта како се изведува наставата. Директорката Валентина Диомовска објасни предходната година училиштето во Стругово беше ставено во мирување, исто училиштето во Слепче е во ризик, не дека нема ученици, но родителите ги запишуваат децата во Демир Хисар, со одлуката за реонизација која ја има донесено Советот само се наброени реоните, треба да се почитуваат рените при запишување на учениците. Во Слепче има шест првачиња, имаат поднесено барање да се запишат во Демир Хисар нема позитивно да им одговарам, ќе се затвори училиштето. Контрола се врши тоа е дел и од програмата, но исто така наставникот треба да биди одговорен. Советникот Валентин Несторовски стави забелешка на возниот режим во дворот на училштето влезот е поврзан со Здравствениот дом, така таа улица се користи и од возилата на Здравствениот дом што е доста небезбедно за учениците. Директорката Валентина Димовска се согласни ова е проблем прашањето е на место, предходно портата е отворите и усно се договориле да се користи влезот за возилата од Здравствениот дом, што е многу лошо, се размислува повторно да се стави рампата на тој влез, ќе се разговара со директорката. Советничката Марина Димитријовска праша за средствата потрошени за прект за мерење на згради. Директорката Димиска одговори договорот бил склучен предходно со техничкиот факултет, само се реализира, но и со закон се обврзани сите училишта да изготват Елаборати, понудата беше

најповолна, ова мораше да реализира. Дискусијата беше исцрпена. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Годишна програма за работа за ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За Годишната програма за работа за ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година излагање имаше Директорката Валентина Димовска. Советничката Марина Димитријовска забележа во програмата се планирани акциски планови, доколку има некоја друга акција која не е планирана со програмата дали можи да се вметни во програма. Директорката Валентина Димовска објасни да се менува и дополнува програмата, се планира и проширување за повеќе активности. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2022/2023 година објаснување имаше директорката Валентина Димовска. Советничката Марина Димитријовска праша дали е ист бројот на паралелките. Директорката Валентина Димовска објасни бројот на паралелки е ист, во Единаковци има една паралелка помалку, а во Слепче има една паралелка плус. Советничката Јасмина Јовановска праша дали децата кои се запишани во Демир Хисар ќе се повлечат во Слепче. Директорката Димовска објасни не можеме да ги приморame, самите родитњли треба да одлучат, има заинтересирани некој можеби ќе се повлечат. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи екскурзиите кога ќе се организираат превозот да биди со ЈП Дехи Транс. Директорот на ООУ„Браќа Миладиновци“ Никола Крстевски објасни екскурзиите се на тендер и да сакаме не можеме да влијаеме тука. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде мораме да се заштитуваме, да се види ако има можност тука да се дадат парите. Дискусијата беше исцрпена. За давање согласност на паралелките гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 10. Годишен извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

Годишниот извештај за работа на ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година беше усвоен од Комисијата за опшествени дејнсоти објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска, на седница на комисија присутен претставник имаше само од ова училиште. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски укажа во иднина да има присутни претставници и на комисиите бидејќи ставот е ако нема присутен претставник точката да не се разгледува. Потоа додаде доколку има потреба уште еднаш ќе се разговара со родителите на учениците кои се планираа да учат во Слоештица. Директорот Никола Крстевски објасни направени се разговори ставот на родителите е тој, ќе се почитуива, ќе се направи распоред на вработените никој нема да остани без работа, еден наставни се префрла во Битола се ослободува место. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 11. Годишна програма за работа за ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За Годишната програма за работа за ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година објаснување имаше директорот Никола Крстевски. Дискусија немаше. За усвојување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 12. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година објаснување имаше директорот Никола Крстевски. Дискусија немаше. За давање согласност гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Годишен извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

За Годишниот извештај за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година објаснување имаше директорката Мирјана Кондинска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша подрачно училиште има само во Обедник. Директорката Кондиснка објасни да во Обедник има три паралелки една на македоски јазик и две на албански јазик. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 14. Годишна програма за работа за ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За Годишната програма за работа за ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година објаснување имаше директорката Мирјана Кондинска. Дискусија немаше. За усвојување на програмата гласаа 11„за“.

***ТОЧКА 15. Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година***

За согласноста за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2022/2023 година објаснување имаше директорката Мирјана Кондинска. Дискусија немаше. За давање согласност гласаа 11„за“.

***ТОЧКА 16. Финансиски извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година***

Финансискиот извештај од ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар за период од 01.01.2022 до 30.06.2022 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Александра Трајковска. Во врска со извештајот објаснување имаше вд директорот Александар Чорбесвки. Дискусија немаше. За усвојување на извештајот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 17. Одлука за за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2023 година***

За Одлуката за за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар за 2023 година објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 18. Решение за давање согласност на Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар***

За Ценовникот за вршење на услуги за за превоз од страна на Јавното претпријатие Дехи Транс-Демир Хисар објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски забележа цените се корекни нема забелешки. Дискусија немаше. За давање согласност на ценовникот гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 19. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар***

За Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во ЈП „ДЕХИ ТРАНС“ Демир Хисар објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски. Советничката Марина Димитријовска праша дали прв пат се носи ваква одлука и досега правилник немаше. Вд Директорот Чорбески објасни досега правилник немало сега се изготви и прв пат се носи одлука за вредност на бодот. Диекусија повеќе немше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 20. Решение за давање согласност на измени и дополнување на Статутот на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар***

Решението за давање согласност на измени и дополнување на Статутот на ЈП ДЕХИ ТРАНС Демир Хисар беше донесено од страна на Статаутарно правната комисија објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. За измените објаснување имаше вд директорот Александар Чорбевски се прави усогласивање на условите за директор согласно законот. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски посочи да се бара работа само превозот на ученици не е доволно, исто има потреба да се

овозможи превоз на населението од општината. Со одлука на Совет ќе се даде на користење и голфот, да се направи набавка за одржување на возилата. Советничката Марина димитријовска праша дали можи да конкурира на тендер јавното претпријатие. ВД Директорот Чорбевски објасни ќе се направат активности повеќе ќе се проширува и тоа ќе можи да се учествува на тендери. Дискусијата беше исцрпена. За донесување на решението гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 21. Одлука за за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2023 година објаснување имаше директорот Гоце Мицковски. Дискусија немаше. За донесување наод луката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 22. Одлука за за давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година***

Одлуката за за давање согласност на Годишен план за вработување на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар за 2023 година беше донесена со 10 „за“ без забелешки.

***ТОЧКА 23. Решение за разрешување и именување на член во Комисија за финансии и буџет***

Комисијата за мандатни прашања избори и именување го разреши Александар Чорбевски од член на комисијата за финансии и буџет на негово барање и на негово место ја именува Александра Цветановска од Демир Хисар. Дискусија немаше. За донесување на Решението гласаа 6 „за“ 5 „воздржани“.

***ТОЧКА 24. Иницијатива за измени на проектот за улица 1-ви Мај Демир Хисар планирање на паркин простор и тротоар***

Во врска со Иницијативата за измени на проектот за улица 1-ви Мај Демир Хисар планирање на паркин простор и тротоар советничката Ивана Кочовска предложи да се расправа на наредна седница нешто се разговараше предходно низ дискусиите, но наредна седница кога ќе има присутен претставник од урбанизам ќе се расправа.

***ТОЧКА 25. Предлози и прашања***

Советничката Ивана Кочовска праша за дефктот кај црквата, директорот Гоце Мицковски објасни тоа е долготраен проблем, се бара трајно решение.

Советничката Ивана Кочовска упати забелешка за чистењето кај гробиштата треба да се чисти почесто, со забелешката се согласи и советникот Сашо Михајловски време е на одмори, но барем за празниците да се коси покрај гробиштата. Директорот Гоце Мицковски одговори се коси 4-5 пати, но поради дождовите вегетацијата брзо расти, а и проблем е човечите ресурси многу малку работници има ќе се бара согласност од Советот за вработување на работници. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски упати забелешка на канализационата мрежа за време на поообилни дождови улиците се реки шахтите да се чистат. Директорот Мицковски објасни цистерната за санитарните јазли беше нефункционална сега се стави во функција ќе се работи и на тоа.

Советничката Ивана Кочовска предложи бидејќи е расипана машината за косење, кога има потреба за косење на стадионот можи да се позајми машината од Психијатриската болница.

Директорот Гоце Мицковски објасни машината за косење се расипа, се правеше повторно се расипа и повеќе не е во функција, околку ќе се искоси, но за стадионот ќе треба да се коси. Советничката Марина Димитријовска забележа во Слепче кон стариот пат за Белче реката не е исчистена има забелешка. Директорот Гоце Мицковски објасни за чистење на реките месната заедница треба да си поднеси барање до општината, инаку постојано машината и работниците се на терен.

Директорот Гоце Мицковски ги запозна советниците претпријатието се соочува со проблем со вискоката цена на електричната енергија, таа сега е 60-80% поскапа, а кај помалите села каде има помалку потрошувачи доаѓа и до 140% поскапа. Ќе мора да се размислува за зголемување на цената за собирање на смет,се прават аналици тоа да биди минимално некадо од 50-100 денари по семејство. Секој месец одиме со загуба од 150.000. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде доставете ја пресметката до Советот ќе ја разгледаме, да се бара зголемување на приходите

по друг основ цената да биди последна мерка која ќе се преземи, можи да земите работа преку општината да имаше повеќе приходи. Треба сериозно да се размислува и да се престани со забави, музики, социјални и други барања кои се навикнале само да бараат од општината. Време е на криза посериозно треба да се пристапи, ова се пари на граѓаните треба повеќе да се грижиме како ги трошиме, да средиме повеќе села.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ги запозна советниците има барање од Ѓоко Бојаџиев да се намести улично осветлување пред неговата куќа. Советот се согласува да се намести сијалица.
Дискусија повеќе немаше. Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 1210/2
27.09.2022 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.